# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА


**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

**бр. 18- 85/3 од 20. 01.2020 година**

**До**
**Општина Крива Паланка**
ул.„Св. Јоаким Осоговски" бр.175
-Службено лице за посредување
со информации
Лидија Митовска

**ПРЕДМЕТ: Достава на информации**
Врска: Ваш број 18-85/2 од 10.01.2020 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за достава на информации поднесно до Општина Крива Паланка, Сектор за урбанизам, сообраќај и заштита на живоитна средина и комунална инфраструктура-Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина под број 18-85/2 од 10.01.2020 година за Решение број уп29-526 од 09.10.2017 година правосилно на ден 16.10.2017 година во постапка за одобрување на Адаптација на инвеститорот „Траншпед Трејд"ДООЕЛ-Скопје, дали е поднесен вонреден правен лек по наведеното решение и дали донесениот акт по поднесен вонреден правен лек е правосилен; дали од подносителот на вонреден правен лек е поднесено тужба до Управен Суд и дали Општина Крива Паланка се има произнесено со давање на одговор по поднесената тужба Ви доставуваме следниве информации во прилог:

-Барање за Повторување на постапка бр.29-914/1 од 19.03.2019 година,
-Решение за отфрлање на барањето бр.29-914/2 од 29.03.2019 година правосилно на ден 19.11.2019 година,
-Допис од Управен Суд до Општина Крива Паланка со број 29-914/3 од 05.12.2019 година со копија од тужба до Управен Суд од 28.11.2019 година,
-Достава на списи до Управен Суд од Општина Крива Паланка со број 29-914/4 од 25.12.2019 година.

Во прилог се доставени фотокопии од списите кои се заверени со печат и потпис "верно на оригинал".

Изготвил:
диа Иван Велиновски

Контролирал:
Валентина Димитровска
В. Димитровска

**Одобрил:**
**Раководител,**
**диа Маја Костадиновска**

**Согласен:**
**Секретар,**
**Љубомир Младенов**

**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**

ТД БЕНТОПРОМ ад

Крива Паланка

Ул Св.ЈоакимОсоговски бр 166

Трговско друштво за ... ство промет и услуги БЕНТ... ОМ АД
03 - 3
19.03.2019
Крива Паланка

И3224
20.03.2019

19.03.2019
29 516/1

До

Општина Крива Паланка

Сектор Урбанизам

Градоначалник на Општина Кр.Паланка

**Предмет.Повторување на постапка**

**УП бр. 29-526**

**Од 09,10,2017год**

Тд Бентопром ад Крива Паланка како трета заинтересирана странка , застапувано од законскиот застапник Извршниот директор Дејан Дејановски ,врз основ на член 104од Законот за Општа Управна постапка сл ведник бр. 145 од 23,07,2015 година бара пофторување на постапката против решението за одобрување на проект за адаптација донесено од Градоначалникот на Општина Крива Паланка брУП 29-526 а во врска со барањето на Траншпед трејд од Скопје бр, УП 29-526/1 од 2017 г за издавање на одобрение за адаптација на посстоечки деловен простор на КП 1946/1 Ко Крива Паланка.

На ден 13,12,2018година по предходно наше барање до пристап на информации од јавен интерес го добивме Решението за одобрување на проект за адаптација бр уп29-526 од 09,10,2017 г донесено од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка Бентопром ад Крива Паланка има правен интерес, незадоволни од истото , согласно член 115 оа ЗОУП благовремено поднесуваме барање за пофторување на постаката против наведеното Решение и бараме јавниот орган да утврди дека барањето е основано, го **ПОНИШТИ** побивниот управен акт со нов Управен акт.

Барањето за пофторување на постапката по Решение бр Уп 29-526 од 09,10,2017 донесено од Градоначалникот на Општина Кр Паланка се бара врз основа на член 114 од законот за Општа Управна постапка ,поради следните исдклучителни причини.

Верно на оригинал

Бидејки очигледно не се исполнети условите од член 59 од законот за градење барам надлежните да ја утврдат фактичката состојба и Решението за одобрување на проект за адсаотација по службена должност го прогласат за ништавно.

Бентопром ад Крива Палнка има правен интерес за утврдување на ништавност на решението уп бр 29-526 од 09,10,2017год поради следното.

-Бентопром е сопственик на деловен простор на КП 1946 за КО Крива Паланка и тоа од 413 метри квад со дел напосед 1/1 .видно од имотен лист бр 8670 за Ко Крива Паланка.

-Бентопром е сопственик на градежно земјиште на КП 1946/1 во површина од 375 м квадратни и тоа со дел на посед ¼ , видно од имотен лист бр. 8545 за КО Крива Паланка.Приватизирано уп1бр.26-326/6 од 13,03,2013 Министерство за финанси,Управа за имотно правни работи.

Инвенститорот без да ја почитува сопственоста на Бентопром, приложувајки друга документација успеал да го доведе во заблуда органот кој решавал по негово барање и донесе решение спротивно на член 59 од законот за градење.

Сметаме дека ќе наидеме на целосно разбирање со што барањето ќе биде удоволено.Со почит!/

Прилог имотен лист бр. 8545 и8670

Крива Паланка

19,03,2018 г

Извршен директор

Дејан Дејановски

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**...ИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
...05-5487/2016 од 27.09.2016 11:06:37

1105-5487/2016

# ИМОТЕН ЛИСТ број: 8670 ИЗВОД
## Катастарска општина: КРИВА ПАЛАНКА

## А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

| ...МБГ / ЕМБС | Име и презиме / Назив | Адреса / Седиште | Дел на недвижност | Правен основ на запишување | Бр. на пред. по кој е извршено запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *** | Т.Д.ЗА ПРОИ.ПРОМ.И УСЛ.БЕНТОПРОМ А.Д. | М.ТИТО ББ, КР.ПАЛАНКА | 1/1 | | 64 / 3 | 24.04.2003 |

## В: ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРАДИ, ПОСЕБНИ ДЕЛОВИ ОД ЗГРАДИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

| ...дел | Адреса (улица и куќен број за зграда) | Бр. на зградата/објект | Има ли дел | Намена на зграда | Влез | Кат | Број | Намена на посебен/заеднички дел од зграда | Внатрешна површина во м2 | Отворена површина во м2 | Волумен во м3 | Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост | Правото пренесено при конверзија на податоците од стариот систем | Бр. на пред. | Бр. на пред. по кој е извршено запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | М.ТИТО | 1 | | Г1 | 001 | 01 | 000 | ДП | 275 | | | СОПСТВЕНОСТ | | | 1113-48/2014 | 13.02.2014 15:38:21 |
| 1 | М.ТИТО 168 | 1 | | Г1 | 001 | МЕ | 000 | ДП | 138 | | | СОПСТВЕНОСТ | | | 1113-48/2014 | 13.02.2014 15:38:21 |

### ...да на внесени шифри и кратенки:

| Шифра | Опис |
|---|---|
| Г1 | тешка и загадувачка индустрија |
| ДП | деловна просторија |

| Тип | Опис |
|---|---|
| Извод | Дел од содржината на имотниот лист за избрани парцели или згради |

М.П.

Овластено лице:
**Десанка Славе Јакимовска**
име и презиме, потпис

**Член 114 точка 1.алинеа 1**-се дознава за нови факти,кои би довеле до поинаков упавен акт, ако биле земени во редвид.

**Точка 1 алинеа 2**-Управниот акт е донесен врз основ на лажна исправа или лажрен исказ.

**Точка 1 алинеа 4**-Управниот акт е поволен за странката и е донесен врз основа на невистинити наоди, со кои што органот што ја водел постапката е доведен во заблуда.

**Точка 1 алинеа 9**-на лицето кое требало да учествува во својство на странка не му била дадена можност да учествува во постапката.

## Образложение

**Решението за одобрување на проект за адаптација е донесено спротивно на член 59 од законот за градење.**

**За добивање на одобрение за градба инвеститорот поднесува писмено барање со соодветна документација.Инвеститорот го повредил член 59 став 2 алинеа 5 од Законот за градење.Во алинеа 5 доказ на право на градење доставува невистинит документ имено имотен лист бр 9166 за КО Крива Паланка кој се однесува за сопственост на деловен простор.**

**Согласно член 59а алинеа 1 доказ на право на градење е имотен лист со запишано право на сопственост или право на долгорочен закуп или право на службеност на градежното земјиште .Ваков документ не поднел инвеститорот со што не се исполнети условите од член 59 од законот за градење. за добивање на Решение за одобрување на проект за адаптација, со што го прави наведеното решение ништавно.**

**Решението е ништавно ипоради повреда на член 59 а алинеа 5**

**Инвеститорот не доставил договор со заедницата на сопственици на посебни делови на објектот или писмена согласност од мнозинството сопственици на посебните делови од објектот кои представуваат повеќе од половина од вкупната површина на објектот со имотни листови.Инвеститорот кон барањето не доставилниту ваков документ .**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЈИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
105-5488/2016 од 27.09.2016 11:30:51

1105-5488/2016

# ИМОТЕН ЛИСТ број: 8545 ПРЕПИС
## Катастарска општина: КРИВА ПАЛАНКА

## А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

| МБГ / ЕМБС | Име и презиме / Назив | Адреса / Седиште | Дел на недвижност | Правен основ на запишување | Број на предмет за запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *** | ТРАНШПЕД ТРЕЈД ДООЕЛ ИЗВОЗ -УВОЗ СКОПЈЕ | 11 ОКТОМВРИ 8/6, СКОПЈЕ- ЦЕНТАР | 3/4 | Решение за приватизација на градежно земјиште стекнато без надоместок УП бр.26-370/6 од 13.03.2013год. на Министерство за финансии-Управа за имотно правни работи-Подрачно одделение за просторена управна постапка Кр.Паланка | 1113-48/2014 | 13.02.2014 15:38:21 |
| *** | ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УСЛУГИ БЕНТОПРОМ АД КРИВА ПАЛАНКА | МАРШАЛ ТИТО ББ, КРИВА ПАЛАНКА | 1/4 | Решение за приватизација на градежно земјиште стекнато без надомест Уп1 бр.26-326/6 од 13.03.2013 год. на Министерство за финансии-Управа за имотно правни работи-Подрачно одделение за просторена управна постапка Крива Паланка. | 1112-254/2014 | 14.03.2014 11:08:47 |

## Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

| [illegible] дел | Викано место/улица | Катастарска култура | Катастарска класа | | Површина во м2 | Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост | [illegible] | [illegible] | Бр. на предмет и [illegible] запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | СВ.ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ | гз | зпз 1 | | 375 | СОСОПСТВЕНОСТ | | | 1112-134/2016 | 29.01.2016 14:39:57 |

| [illegible] на внесени шифри и кратенки: | |
|---|---|
| Шифра | Опис |

| Тип | Опис |
|---|---|
| Попис | [illegible] |

Република Северна Македонија
УПРАВЕН СУД
У-3 .бр.667/2019
02.12.2019 година
С к о п ј е

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

05.12.2019

29 914/3

**ДО Општина Крива Паланка**

Тужителот Бентопром - Трговски друштво АД од , поведе управен спор против потврда број 29-914/2 од 29.03.2019.

Согласно член 29 од Законот за управните спорови, тужбата се доставува на одговор, кој треба да го доставите во рок од 10 дена.

Во овој рок, должни сте исто така да ги доставите на Судот сите списи што се однесуваат на предметот, заедно со доставницата за врачување на второстепеното решение на тужителот. Доколку нема доставница, да се достави оформена потврда од која да се види кога е доставено Вашето решение на тужителот.

Исто така Ви укажуваме дека при доставувањето одговор на тужбата со сите списи, потребно е да ни ја пратите приложената доставница кон нашето писмено на која ќе го заверите со потпис и печат на денот на приемот на ова писмо.

**Овластен судски службеник**

Верно на оригиналот

Иван
06-12-2

ПРИМЕНО - E PRANUAR
Со прилози
Ме 28 -11- 2019 bashkangjitje
20 година viti
УПРАВЕН СУД во Скопје
GJYKATA ADMINISTRATIVE në Shkup

ТД Бентопром ад

Крива Паланка.УЛ Свети Јоаким Осоговски бр 166

Крива Паланка

Трговско друштво за производство промет и услуги БЕНТОПРОМ АД
Бр. 03-17
26.11.2019 год.
Крива Паланка

До

Република Северна Македонија

УПРАВЕН СУД

Скопје

ТУЖБА

Од ТД Бентопром ад Крива Паланка застапувано од законскиот застапник Дејан Дејановски против Решениетона градоначалникот на Општина Крива Паланка Уп.бр.29-914/2 од 29,03,2019 г

Незадоволни од наведеното решение благовремено поднесуваме тужба до Управниот суд со барање тужбата да се УСВОИ а го поништи Решението УП. БР.29-914/2 од 29,03,2019година. предметот го врати на органот кој го донел на пофторно одлучување.

Образложение

Тд Бентопром преку законскиот застапник поднесе барање до Општина Крива Паланка,односно до градоначалникот барање за повторување на постапка на Решние за одобрување на проект за адаптација бр 29-526 од 09,10,2017 год поради

1 **Битна повреда на законот**

**2 Неправилно и не целосно утврдена фактишка состојба**

Решението за одобрување на проект за адаптација бр 29-526 од 09,10,2017 год на фирмата Траншпед Трејд Скопје е незаконито и НИШТАВНО од следните причини.

Наведеното решение се однесува за адаптација на објект за кој е утврден статус на бесправен објект врз основа на Решение бр. 29-4324/3 од 28,12,2017 г.донесено од неовластен орган.нема потпис на градоначалникот.

Фирмата Траншпед Трејд , станува сопственик на 24,02,2011год а дава нотарска изјава дека наводно бесправниот објект е изграден пред 03,03,2011 год се прашуваме како е можно за неколку дена прд донесување на законот да се изгради објект.

Во конкретниот слушај не се работи за бесправен објект туку за објект кој е евидентиран во имотен лист 7379 на име ад Рудници Бентомак, видно од Уверение за историски преглед на извршените запишувања за кп бр, 1946/1 зграда 1 бр.1107-528/2018 од 26,12,2018 г.

УПРАВЕН СУД во Скопје
У3 667/19

За да ја правилно утврди фактичката состојба градоначалникот требало да изврши увид и во Урбанистичката согласност за бесправен објектуп бр.29-4324/4 од 14,12,2011 година која според нас исто така е противзаконита, се работи за судир на интереси, нотарски заверената изјава бр 1345 од 07,122011год со која се потврдува дека објектот е изграден пред 3,03,2011 год.Се прашуваме како е можно да се изгради објект за само неколку дена откако фирмата на градоначалникот се стекнува со право на користење на земјиште на 24,02,2011годинаСпоред приложениот имотен лист за добивање на урбанистичка согласност како ко сопственик е и Бентопром од кого не е барана согласност.Не е јасно да не ја утврди фактичката состојба односно да се даде урбанистичка согласност за бесправен објект кој не постои туку се работи за постојан објект евидентиран во имотен лист бр.7379 на име Рудници Бентомак видно од Уверението за историски преглед на извршените запишувања за кп бр. 1946/1 бр.11107-528/2018 од 26,12,2018.Се прашуваме како може да се помине преку овие факти

При донесување на Решението со кое се отфрла барањето за пофторување на постапката на уп бр.29-526 од 09,102017 год ,градоначалникот не ја утврдил фактичката состојба од следните причини,не извршил увид на актите кои предходеле за донесување на Решението за одобрување на проект за адаптација и тоа во актите Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект бр.29-4324/1 од 28,12,2011г и Урбанистичка согласност за бесправен објект уп бр.29-4324/4 од 14,12,2011г и согласно ова погрешно е утврдена фактичката состојба.

При донесување на побивниот акт од страна на градоначалникот не е утврдена фактичката состојба и поради не извршен увидво документите доставени со барањето за добивање на решенее за одобрување на проект за адаптација.Не извршил увид во проектот бр.32/17 од 3108,2017 изработен од огорелски Дооел Крива Палана.Не е извршен увид во имотниот лист бр 8545 за кп 1946/1, во кој како сопственик е евидентиран и Бентопром со дел на посед ¼,а кој е игнорирн од страна на изготвувачот на проектот.Со наведениот проект не е правилно утврдена факичката состојба и истиот по службена должност требало да биде одбиен како невалиден.Не е извршено увид и во доставениот документ доказ за право на градење имотен лист бр,9166 за ко Кр Паланка , кој се однесува за деловен простор ,а согласно законот член 59 доказ за градба е имотен лист за сопственост на земјиште , а тоа е имотниот лист 8545 каде како сопственик е и Бентопром со ¼. Ова сесериозни индиции за донесување на Решение за пофторување на постапката,за да се донесе решение транспарентно и законито.

Покрај неправилно и не целосно утврдена фактичката состојба , градоначалникот при донесување на побивниот акт не внимава по службена должност за ништавност на актотпте.Не се осврнал на фактот дека е спорна правосилноста, како и не наведување на подносителот на барањето на решението за одобрување на проект за адаптација.Решението станува правосилно пред истекот на рокот за жалба, и дека истото станува правосилно на ден пред преземањето на должност на новоизбраниот градоначалник.Не го зема во предвид фактот дека решението за утврдување на правен статус на бесправен објект е донесено од ненадлежен орган и истото не е потпишано од страна на градоначалникот, не го утврдил судирот на интереси, се работи за барања на фирма во сопственост на градоначалникот а управител е неговата сопруга.Ова сериозно укажува за злоупотреба при носење на управните акти со легализација на наведениот објект,

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 29-914/4
25.12. 20 19 год.
КРИВА ПАЛАНКА

До
**Управен суд**
на Република Северна Македонија

ул. Орце Николов, бб. 1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ** : Достава на списи
Наш број 29-914/3 од 05.12.2019 година
Ваш број УЗ бр.667/2019 од 02.12.2019 година

Во врска со изјавената тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија ви ги доставуваме следните списи:

-Барање уп29-526/1 од 12.09.2017 година од информацискиот систем на е-градежна дозвола;
-Изјава од 24.08.2017 година;
-Уплатница за административна такса;
-Извод од катастарски план;
-Имотен лист бр.9166 КО Крива Паланка;
-Основен проект со тех.број32/17 од 31.08.2017 година;
-Заклучок бр.уп29-526/1 од 25.09.2017 година;
-Имотен лист бр.9166 КО Крива Паланка;
-Потврда бр.уп29-526 од 06.10.2017 година;
-Доставница;
-Изјава;
-Решение бр.уп29-526 од 09.10.2017 година;
-Доставница;
-Барање за повторување на постапка бр.29-914/1 од 19.03.2019 година;
-Решение бр.29-914/2 од 29.03.2019 година;
-Доставница;
-Тужба до Управен суд од 28.11.2019 година;
-Барање од Управен суд бр.29-914/3 од 05.12.2019 година.

Изготвил:
дипл Иван Велиновски
Контролирал:
Валентина Димитровска
В. Димитровска
**Одобрил:**
**Раководител,**
**диа Маја Костадиновска**

**Согласен:**
**Секретар,**
**Љубомир Младенов**

**Општина Крива Паланка**

**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**

**www.krivapalanka.gov.mk**

Верно на оригинал

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 18 - 85/5
29. 01 2020 год.
КРИВА ПАЛАНКА


# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk


**До Траншпед ТРЕЈД ДООЕЛ**
**увоз – извоз Скопје,**
**улица Јани Лукаровски, бр. 4/а, локал 86,**
**Скопје – Гази Баба,**
**застапуван од управителот**
**Арсенчо Алексовски,**
**ул. Борис Трајковски бр 1 Крива Паланка,**
**arsenco.aleksovski@live.com.**

**ПРЕДМЕТ: ДОСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**
Врска / ваш бр. 06 од 10,01.2020
наш бр.18-85/1, 10.01.2020г.

Почитувани,
Постапувајќи по Вашето Барање бр. 18-85/1,согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019),, примено на ден 10.01.2020г, со кое барате информации во врска со предмет бр. УП 29-526 од 09.10.2017 година.

Во прилог на писменото Ви ја доставуваме бараната информација согласно Вашето Барање и тоа:

**Прилог:**

1. Решение бр. 18-85/4, 29.01.2020г.
   Акт бр. 18-85/3 со прилозите на Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина, Општина Крива Паланка

Бараната информација Ви ја доставуваме на начин наведен во барањето.

Со почит!
Место и датум : 29.01.2020г.
Крива Паланка

..........................................
**Службено лице за посредување со**
**информации од јавен карактер**
**Лидија Митовска**

..........................................
**Градоначалник на Општина Крива Паланка**
**Борјанчо Мицевски**